РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-530/1
28-01-2026
_______ г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2903/1 од 31.10.2025 година, со наводи за сомневање за организирано доведување гласачи од странство со авионски превоз, за потребите на вториот круг од Локалните избори 2025 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека надлежен орган за постапување по овие наводи е Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Постапувајќи по член 37 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК пријавата ја достави до Комисијата во Јавното обвинителство за следење на евентуални изборни нерегуларности, на нејзино надлежно постапување.

Предметот со број 12-2903/1 од 31.10.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 31.10.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за организирано доведување гласачи од странство со авионски превоз, за потребите на вториот круг од Локалните избори 2025 година, и оформен е предмет број 12-2903/1 од 31.10.2025 година.
Во пријавата се наведува дека одредени лица организирале чартер летови и дополнителен автобуски превоз со цел да се овозможи гласање на лица кои моментално престојуваат во странство, а имаат право на глас, што за подносителот

на пријавата претставува сериозно прекршување на одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Во однос на пријавените наводи, постапувајќи согласно член 37 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во кој е уредено дека: „Доколку Државната комисија дознае или има основи за сомневање за поткуп при избори и гласање, односно за давањето или ветувањето подарок или друга корист за себе или за друг, на избирач при избори или гласање на референдум, за да гласа или да не гласа или да гласа за определен кандидат или определена одлука, за тоа без одлагање писмено ќе го извести надлежниот јавен обвинител“, ДКСК пријавата ја достави до Комисијата во Јавното обвинителство за следење на евентуални изборни нерегуларности при Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата